# المختصر المفيد للمسلم (للجمعية)

Корисен и концизен прирачник за еден муслиман

Книгата ги обработува темите поврзани со основите на исламската вера со концизен, но сеопфатен стил. На читателите им дава објаснување за темелите на исправниот ибадет, за значењето на верувањето во Аллах, во Неговите мелеци, во Неговите книги, во Неговите Пратеници, во Судниот ден и во Неговата предодредба (кадерот).

На почетокот книгата ја објаснува благодатта на исламот како и важноста на спознавањето на Аллах, на Неговите атрибути и убави имиња, потоа продолжува со елаборирање на темата на петте столбови на исламот и столбовите на иманот. Се објаснува и концептот на ихсанот (добродетелство) и неговото влијание врз верникот.

Особеност на оваа книга е аргументацијата на ставовите со докази од двете објави, Куранот и Сунетот, па затоа се смета за важна референца од која муслиманите учат за основите на верата преку едноставна метода.

## Корисен и концизен прирачник за еден муслиман

Во името на Аллах, Семилосниот, Милостивиот

## Вовед

Благодарноста му припаѓа на Аллах, Господарот на световите, Аллаховиот благослов и спас се за најпочитуваниот од Божјите пратеници и веровесници, за неговото семејство и за неговите другари.

Во продолжение велам;

Голема благодат од Аллах за еден човек е да го благослови со упатството во исламот, да му даде истрајност на тој пат и да му овозможи да работи според неговите прописи и верозаконот. Во оваа книга еден муслиман ќе научи за основите на неговата вера што ќе му овозможи да биде на вистинскиот пат. Преку јасната и концизната метода на оваа книга тој ќе се запознае со обележјата на оваа величествена вера, учејќи повеќе за неговиот Возвишен Господар, за исламот како вера и за веровесникот Мухамед, Аллаховиот спас и мир нека се над него; на тој начин тој ќе го обожува Аллах со проникливост и знаење.

## Мудроста зад создавањето на луѓето

Семоќниот Аллах нè создал за една возвишена цел, а таа е да Го обожуваме и да Му се покоруваме. Тој е Единствениот Кому никој и ништо не Му се рамни. За тоа Славениот вели:

﴿ وَمَا خَلَقْتُ الْجِنَّ وَالْإِنْسَ إِلَّا لِيَعْبُدُونِ﴾

„Џините и луѓето ги создадов само за да Ме обожуваат.“ (Ез Заријат, 56) Целта е, само Аллах, Единиот, да Го издвојуваме со обожување. Оваа возвишена намера е столбот кон кој се насочени сите наши дела и интенции на овој свет. Аллах, Славениот, вели:

﴿ أَفَحَسِبْتُمْ أَنَّمَا خَلَقْنَاكُمْ عَبَثًا وَأَنَّكُمْ إِلَيْنَا لا تُرْجَعُونَ * فَتَعَالَى اللَّهُ الْمَلِكُ الْحَقُّ لا إِلَهَ إِلا هُوَ رَبُّ الْعَرْشِ الْكَرِيمِ﴾

„Зарем мислите дека залудно ве создадовме и дека нема да Ни се вратите?*

И нека е Возвишен Аллах, Вистинскиот Владетел, нема друг бог освен Него, Господарот на Аршот величествен!“ (Ел Муминун, 115-116)

## Аллах е мојот Господар

Возвишениот Аллах вели:

﴿ يَا أَيُّهَا النَّاسُ اعْبُدُوا رَبَّكُمُ الَّذِي خَلَقَكُمْ وَالَّذِينَ مِنْ قَبْلِكُمْ لَعَلَّكُمْ تَتَّقُونَ﴾

„О, луѓе, обожувајте Го Господарот ваш Кој ве создаде и вас и тие пред вас, за да бидете богобојазливи.“ (Ел Бекаре, 21)

На друго место во Куранот Аллах вели:

﴿ هُوَ اللَّهُ الَّذِي لَا إِلَهَ إِلَّا هُوَ﴾

„Тој е Аллах, нема друг бог освен Него.“ (Ел Хашр, 22)

Аллах, Возвишениот, вели:

﴿ لَيْسَ كَمِثْلِهِ شَيْءٌ وَهُوَ السَّمِيعُ الْبَصِيرُ﴾

„Ништо Нему не му е слично! Тој сѐ слуша и сѐ гледа.“ (Еш Шура, 11)

Аллах е мојот Господар, и Господар на сè што постои, Владетелот, Создателот, Снабдувачот и Тој што управува со сè.

Единствено Тој заслужува да биде обожуван, нема друг бог освен Него и Тој е Единствен во Неговата божественост.

Тој има убави имиња и возвишени атрибути. Истите ги потврдил за Себеси и истите за Него ги потврдил Аллаховиот пратеник, Аллаховиот спас и мир нека се над него. Неговите имиња и атрибути го достигнале врвот на убавото и совршеното. Нему ништо не Му е слично.Тој сè слуша и сè гледа

**Некои од Неговите убави имиња се:**

Снабдувачот, Семилосниот, Семоќниот, Владетелот, Тој што слуша сè, Давателот на мир, Тој што сè гледа, Добродетелот, Создателот, Благиот, Доволниот, Простувачот.

Снабдувачот (Ер Реззак), врз Себе ја презема одговорноста да ги снабдува Своите робови со она што го гарантира животот на нивните срца и тела.

Семилосниот (Ер Рахман) е Тој што има неизмерна милост која опфаќа сè.

Семоќниот (Ел Кадир), Тој што поседува апсолутна моќ и не Му се случува немоќ и замор.

Владетелот (Ел Мелик), е опишан со атрибутите на величина, потчинување и

управување со сè што постои. Поседува и управува со сè.

Тој што слуша сè (Ес Семи‘), слуша сè што се смета за звук, безгласните и гласно искажаните. Ги слуша молитвите на Неговите робови и кога тие Му се обраќаат.

Давателот на мир (Ес Селам), Кому не може да Му се припише ниту една несовршеност, непотполност и недостаток.

Тој што сè гледа (Ел Бесир), Тој што сè гледа па дури и најситните работи, Тој што поседува знаење за сите работи и е информиран и за нивните внатрешности.

Доброчинителот, Помагачот (Ел Векил), Го презел врз Себеси снабдувањето на Своите робови, Тој се грижи за сè она што е во нивен интерес. Тој ги штити Своите миленици, им ги олеснува работите и ги штити од другите.

Создателот (Ел Халик), Тој што создава од ништо и без претходен пример.

Благиот (Ел Латиф), Тој што ги почестил Своите робови, кон кои покажува сомилост и им го дава тоа што од Него го бараат.

Доволниот (Ел Кафи), доволен им е на Своите робови обезбедувајќи им сè за што имаат потреба. Она што Аллах им го дава е доволно и немаат потреба нешто друго да бараат од некој друг.

Простувачот (Ел Гафур), ги заштитува Своите робови од злото на нивните гревови и не ги казнува за истите.

## Мојот пратеник е Мухамед – саллаллаху алејхи ве селлем

Аллах, Возвишениот, вели:

﴿لَقَدْ جَاءَكُمْ رَسُولٌ مِنْ أَنْفُسِكُمْ عَزِيزٌ عَلَيْهِ مَا عَنِتُّمْ حَرِيصٌ عَلَيْكُمْ بِالْمُؤْمِنِينَ رَءُوفٌ رَحِيمٌ﴾

„Ви дојде Пратеник, еден од вас, тешко му е што на маки ќе паднете, едвај чека по Вистинскиот пат да тргнете, а кон верниците е благ и милостив!“ (Ет Теуба, 128)

Истотака Возвишениот вели:

﴿وَمَا أَرْسَلْنَاكَ إِلا رَحْمَةً لِلْعَالَمِينَ﴾

„...а тебе само како милост на световите те пративме.“ (Ел Енбија, 107)

## Мухамед, саллаллаху алејхи ве селлем, подарената милост:

Тој е Мухамед бин Абдулах бин Абдул Муталиб бин Хашим, а Хашим е од племето Курејш, а тие се Арапи.

Неговата мајка е Амина бинт Вехб, а негова доилка е Халима ел Садије. Аллаховиот пратеник, Нека е Аллаховиот мир и спас врз него, се оженил со единаесет жени, а зад себе по неговата смрт оставил девет сопруги.

Аллаховиот пратеник, нека е Аллаховиот мир и спас врз него, имаше седум деца, три сина и четири ќерки. Негови синови беа: Ел Касим, Абдулах и Ибрахим, додека пак негови ќерки се: Зејнеб, Рукаја, Ум Кулсум и Фатима.

Должни сме да му се покориме во она кое го наредува, да го потврдиме како вистина тоа што ни го соопштил, да се оддалечиме од она кое ни го забранил и да го обожуваме Аллах онака како што тој нè подучил.

Неговата порака и пораката на сите Божји пратеници пред него е да се повикаат луѓето да се обожува само Аллах, Кој еЕдиниот и Кому никој не Му е рамен. Аллах, Возвишениот, вели:

﴿ وَمَا أَرْسَلْنَا مِنْ قَبْلِكَ مِنْ رَسُولٍ إِلَّا نُوحِي إِلَيْهِ أَنَّهُ لَا إِلَهَ إِلَّا أَنَا فَاعْبُدُونِ﴾

„Пред тебе ниту еден Пратеник не испративме, а да не му објавевме: ‚Нема бог освен Мене, затоа Мене обожувајте Ме!'" (Ел Енбија, 25)

Тој, саллаллаху алејхи ве селлем, е печатот на сите Пратеници и веровесници, а за тоа Аллах Славениот вели:

﴿ مَا كَانَ مُحَمَّدٌ أَبَا أَحَدٍ مِنْ رِجَالِكُمْ وَلَكِنْ رَسُولَ اللَّهِ وَخَاتَمَ النَّبِيِّينَ وَكَانَ اللَّهُ بِكُلِّ شَيْءٍ عَلِيمًا﴾

„Мухамед не е татко никому од вашите луѓе, туку е Аллахов Пратеник и последен веровесник – а Аллах сè добро знае." (Ел Ахзаб, 40)

Аллах, Возвишениот, го испрати со верата ислам до целото човештво и за тоа Тој во Куранот вели:

﴿وَمَا أَرْسَلْنَاكَ إِلَّا كَافَّةً لِلنَّاسِ بَشِيرًا وَنَذِيرًا وَلَكِنَّ أَكْثَرَ النَّاسِ لَا يَعْلَمُونَ﴾

„Ние те пративме на целото човештво, радосни вести да им носиш и да ги опоменуваш, но повеќето луѓе не знаат.“ (Сабе, 28)

Кон него, саллаллаху алејхи ве селлем, муслиманите имаат големи должности, меѓу кои се:

1. Да веруваат дека е Аллаховиот пратеник, дека ја зборува вистината, дека е заштитен од грешка во доставувањето на верозаконот и дека треба да му се покориме и да го следиме тој верозакон. Аллах, Возвишениот, вели:

﴿وَمَا يَنْطِقُ عَنِ الْهَوَى * إِنْ هُوَ إِلَّا وَحْيٌ يُوحَى﴾

„Тој не зборува по своја волја.

Тоа е само Објавата која што му се доставува.“ (Ен Неџм, 3-4)

2. Должни сме да го сакаме Аллаховиот пратеник, нека е Аллаховиот мир и спас кон него, и да ѝ дадеме предимство на љубовта кон него во однос на љубовта кон себе, кон децата и сите луѓе. Резултат на таа љубов е да го следиме неговото упатство, да му бидеме покорни извршувајќи го тоа што го наредил и да се оддалечиме од она што го забранил и за што нè предупредил.

3. Имаме обврска да го почитуваме, да го помагаме, да го славиме и да имаме почит кон него, нека е Аллаховиот мир и спас кон него.

4. Да му испраќаме салавати, а салаватот значи да го пофалиме и да побараме од Аллах да го возвиши неговиот спомен и да му ја зголеми почитта и честа. Тој, нека е Аллаховиот мир и спас кон него, рекол:

(من صلى عليّ صلاة صلى الله عليه بها عشرا)

„Кој кон мене ќе испрати еден салават, Аллах кон него ќе прати десет (салавати).“ (Муслим).

5. Забраната Аллаховиот пратеник, нека е Аллаховиот мир и спас кон него, да се воздигнува над положбата која му ја дал Аллах. На тоа нè предупредил и самиот Аллахов пратеник, нека е Аллаховиот мир и спас кон него, кој рекол:

(لا تطروني، كما أطرت النصارى ابن مريم، فإنما أنا عبده، فقولوا عبد الله، ورسوله) رواه البخاري.

„Немојте да ме воздигнувате како што христијаните претерале во воздигнувањето на Иса синот Мејремин. Навистина јас сум само Негов роб па кажете: ‚Аллахов роб и Негов пратеник.‘“ (Го пренесува Бухари)

**Дел од неговите, нека е Аллаховиот мир и спас кон него, особини се:**

Искреноста, милоста, благоста, трпението, храброста, дарежливоста, убавото однесување, праведноста, скромноста, простувањето.

## Благородниот Куран е говор на мојот Господар

Аллах, Возвишениот, вели:

﴿ يا أيها الناس قد جاءكم برهان من ربكم وأنزلنا إليكم نورًا مبيناً﴾

„О, луѓе, Доказот од Господарот ваш веќе ви стигна и Ние ви ја објавивме Јасната Светлина!“ (Ен Ниса, 174)

Благородниот Куран е Аллахов говор со кој Тој вистински зборувал и му го објавил на Мухамед, Аллаховиот спас и мир нека се врз него, за да ги изведе луѓето од темнините кон светлина и да ги упати на правиот пат. За читањето на Куранот Аллах дава голема награда, а кој работи според Куранот, ќе биде на исправниот пат. Абдулах ибн Месуд, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

(مَنْ قَرَأَ حَرْفًا مِنْ كِتَابِ اللَّهِ فَلَهُ بِهِ حَسَنَةٌ، وَالحَسَنَةُ بِعَشْرِ أَمْثَالِهَا، لَا أَقُولُ ﴿ الم﴾ حَرْفٌ، وَلَكِنْ أَلِفٌ حَرْفٌ، وَلَامٌ حَرْفٌ، وَمِيمٌ حَرْفٌ)

„Кој ќе прочита харф – буква од Аллаховата Книга, ќе има еден севап, а севапот ќе биде десетократно награден. Јас не велам дека ‚Елиф-

лам-мим‘ е еден харф, туку ‚елиф‘ е харф, ‚лам‘ е харф и ‚мим‘ е харф.“ (Тирмизи)

Возвишениот Аллах го заштитил од измена и искривување и дал да биде вечна потврда за вистинитоста на мисијата на Мухамед, алејхи селам, до Судниот ден. Во Куранот се вели:

﴿إِنَّا نَحْنُ نَزَّلْنَا الذِّكْرَ وَإِنَّا لَهُ لَحَافِظُونَ﴾

„Ние го објавуваме Куранот и Ние над него ќе бдееме.“ (Ел Хиџр, 9) Секој кој претендира и тврди дека Куранот не е потполн или дека е изменет, искажува неверие во Аллах, Возвишениот, и Мухамед, салаллаху алејхи ве селем, и со тоа излегува од рамките на исламот.

Благородниот Куран го содржи сето она кое го содржеле и претходно објавените книги и дополнитени должности кои, од нас, ги бара Аллах како и вредни морални особини. Во ова време, Благородниот Куран е единствената книга, објавена од Аллах, која треба да се следи, да се смета за света, да се обожува Аллах преку нејзино читање и спроведување на нејзините прописи.

## Мојата вера е исламот

Трите степени на верата се: исламот, иманот и ихсанот.

### Првиот степен: исламот

Целосна преданост на Аллах преку признавање на Неговиот монотеизам,

покорност Нему преку имплементација на Неговите прописи и одрекување од ширкот – многубоштвото и многубошците.

**Столбови на исламот**

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

(بُنِيَ الإِسْلاَمُ عَلَى خَمْسٍ، شَهَادَةِ أَنْ لاَ إِلَهَ إِلاَّ اللَّهُ وَأَنَّ مُحَمَّدًا رَسُولُ اللهِ، وَإِقَامِ الصَّلاَةِ، وَإِيتَاءِ الزَّكَاةِ، وَصَوْمِ رَمَضَانَ، وَحَجِّ الْبَيْتِ)

„Исламот се темели врз пет (столба): сведоштвото дека нема божество достојно за обожување освен Аллах и дека Мухамед е пратеник на Аллах, клањањето намаз, давањето зекат, постот на месец рамазан и аџилакот.“ (Бухари и Муслим)

Столбовите на исламот се дела на покорност и обожување на Аллах, тие се обврска на секој муслиман. Не е исправен исламот на некој човек, освен со цврста убеденост дека тие се потврдени обврски и со нивно потполно извршување. Исламот се базира врз нив па затоа и се именувани како столбови на исламот.

Овие столбови се:

**Првиот столб е: Сведоштвото дека нема божество достојно за обожување освен Аллах и дека Мухамед е Аллахов пратеник.**

Аллах, Возвишениот, вели:

﴿ فَاعْلَمْ أَنَّهُ لَا إِلَٰهَ إِلَّا اللَّهُ ﴾

„Знај дека нема друг бог освен Аллах!“ (Мухамед, 19)

Возвишениот исто така рекол:

﴿لَقَدْ جَاءكُمْ رَسُولٌ مِّنْ أَنفُسِكُمْ عَزِيزٌ عَلَيْهِ مَا عَنِتُّمْ حَرِيصٌ عَلَيْكُم بِالْمُؤْمِنِينَ رَؤُوفٌ رَّحِيمٌ﴾

„Ви дојде Пратеник, еден од вас, тешко му е што на маки ќе паднете, одвај чека по Вистинскиот пат да тргнете, а кон верниците е благ и милостив!“ (Ет Теуба, 128)

Делот „Нема друг бог освен Аллах“ значи дека нема друго божество кое може со право да биде обожувано освен Аллах.

Вториот дел од сведоштвото „Мухамед е Аллахов пратеник“ подразбира дека сме должни да му се покориме во она што го наредува, да го потврдиме како вистина тоа што ни го соопштил, да се оддалечиме од она кое ни го забранил и да го обожуваме Аллах само онака како тој нѐ поучил.

**Вториот столб е: Клањањето намаз.**

Возвишениот Аллах вели:

﴿وَأَقِيمُوا الصَّلَاةَ﴾

„И намаз (молитва) извршувајте“ (Ел Бекаре, 110)

Намазот треба да се извршува на начин пропишан од Аллах, Возвишениот, и според формата објаснета од Аллаховиот пратеник, Аллаховиот спас и мир нека се над него.

## Третиот столб е: Давањето зекат

Аллах, Возвишениот, вели:

﴿ وَآتُوا الزَّكَاةَ﴾

„И зекат давајте.“ (Ел Бекаре, 110)

Аллах го пропишал зекатот како обврска (фарз) за да ја испита искреноста на верувањето на муслиманот, да биде израз на благодарност за од Аллах дадените благодати, меѓу кои е и имотот, и за да им се помогне на сиромашните и тие кои имаат потреба.

Оваа обврска се исполнува со давањето на зекатот на тие на кои им припаѓа.

Зекатот е право на другите во нашиот имот кога истиот ќе достигне одредена количина/сума. Тој им се дава на осум категории на луѓе кои се спомнати во Куранот, а меѓу нив се сиромашните и тие што не поседуваат ништо.

Преку давањето зекат се култивира сомилост и солидарност кај верникот, се облагородува моралот и имотот на муслиманот, се предизвикува задоволство во душите на сиромашните, се јакне братството и љубовта помеѓу членовите на исламската заедница. Добриот муслиман со задоволство го дава зекатот и е среќен затоа што извршил должност и затоа што предизвикал среќа и кај други луѓе.

Процентот на зекат кој треба да се издвои е 2,5% од поседуваниот имот во форма на злато, сребро, валути, трговска стока понудена за купопродажба со цел за добивање профит, доколку достигне одредена количина/сума/вредност и доколку истата се поседува една година (лунарна).

Зекатот е истотака должност, и доколку поседуваме одреден број на дадени категории на стока (камили, крави и овци) и доколку истите поголем дел од годината пасат на отворено без дополнително да ги дохранува сопственикот.

Зекатот е се дава и за тоа што е ископано од земјата, а било закопано како имот во времето на незнаење (предисламскиот период). Тој имот се нарекува Риказ. Зекатот е обврска и за житариците, плодовите и рудите кога ќе ја достигнат определената количина.

**Четвртиот столб е: Постот во месецот рамазан.**

Возвишениот, вели:

﴿ يَا أَيُّهَا الَّذِينَ آمَنُوا كُتِبَ عَلَيْكُمُ الصِّيَامُ كَمَا كُتِبَ عَلَى الَّذِينَ مِنْ قَبْلِكُمْ لَعَلَّكُمْ تَتَّقُونَ﴾

„О, верници! Ви се пропишува пост, како што им е пропишан и на тие пред вас, за да бидете богобојазливи.“ (Ел Бекаре, 183)

Рамазан е деветтиот месец во лунарната година. Тој е месец со посебна вредност за муслиманите и е посебен во однос на останатите месеци во годината. Постот во текот на целиот месец рамазан е еден од петте столбови на исламот.

Постот во рамазан е богоугодно дело (ибадет) искажано преку неконзумирање храна, пијалаци и други работи кои го анулираат постот, како и апстиненција од интимни односи, почнувајќи од мугрите па сѐ до залезот на Сонцето во текот на сите денови од рамазан.

**Петтиот столб е: Аџилакот**

Аллах, Возвишениот, вели:

﴿ وَلِلَّهِ عَلَى النَّاسِ حِجُّ الْبَيْتِ مَنِ اسْتَطَاعَ إِلَيْهِ سَبِيلًا﴾

„Аџилакот должен е да го изврши, поради Аллах, секој што е во можност.“ (Али Имран, 97)

Аџилакот е должност за секого кој е во можност да го изврши, еднаш во текот на животот. Аџилакот подразбира посета со посебна намера на Мека (Ел Месџид ел Харам) и светите места околу неа за да се извршат одредени ибадети во специфичен период. На аџилак бил и Аллаховиот пратеник, Мухамед, Аллаховиот спас и мир нека се над него, како и Аллаховите претеници пред него: Аллах му наредил на Ибрахим, алејхи селам, да ги повика

луѓето на хаџ, како што е објавено во Благородниот Куран:

﴿وَأَذِّنْ فِي النَّاسِ بِالْحَجِّ يَأْتُوكَ رِجَالًا وَعَلَى كُلِّ ضَامِرٍ يَأْتِينَ مِنْ كُلِّ فَجٍّ عَمِيقٍ﴾

„,И повикај ги луѓето на аџилак!‘ – и ќе ти доаѓаат пеш и на секоја истоштена камила, кои ќе доаѓаат од далечен пат.“ (Ел Хаџ, 27)

## Вториот степен: Иманот

Иманот е: Потврдување, непоколебливо прифаќање и потполна убеденост во сѐ она кое Аллах и Неговиот пратеник ни нарeдиле да веруваме, и внатрешно и надворешно предавање/покорување. Иманот е убеденост со срце и неговото верување ги опфаќа делата на срцата и делата на телото. Тоа подразбира комплетно практикување на верата, расте со покорност, а се намалува со грешење.

### Столбовите на иманот (верувањето)

Аллаховиот пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, бил прашан за иманот, па одговорил:

(أنْ تؤمنَ باللهِ وملائكتِهِ وكتبِهِ ورسلِهِ واليومِ الآخرِ وتؤمنَ بالقدرِ خيرِهِ وشرِهِ).

Да веруваш во Аллах, во Неговите мелеци, во Неговите книги, во Неговите пратеници, во Последниот ден и во Божјата одредба за сé што се случува, и добро и лошо.

Столбовите на иманот се ибадети (богоугодни дела) на срцето со кои, како строга должност, е обврзан секој муслиман. Еден човек

не е муслиман сѐ додека цврсто не биде убеден и непоколебливо да верува во овие работи. Затоа, истите се нерекуваат столбови на иманот (верувањето). Разликата помеѓу столбовите на исламот и иманот е во фактот што столбовите на исламот се надворешни дела, како изговарањето на шехадетот, намазот, зекатот, додека, пак, столбовите на иманот се дела на срцето како што е верувањето во Аллах, во Неговите мелеци, во Неговите книги, во Неговите пратеници.

**Првиот столб е: Верувањето во Аллах**

Аллах, Возвишениот, вели:

﴿ إِنَّمَا الْمُؤْمِنُونَ الَّذِينَ آمَنُوا بِاللَّهِ﴾

„Вистински верници се само тие кои во Аллах веруваат...“ (Ен Нур, 62)

Веруваме во постоњето на Аллах и дека Тој е единствен во Своето господарство, божественост, имиња и атрибути. Иманот во Аллах го подразбира следното:

Верување во постоењето на Аллах, Возвишениот.

(Ер Рубубијје) Верување дека Тој е вистинскиот Господар Ккој владее со сé, создал сé, снабдува секого и управува со универзумот.

(Ел Улухијје) Верувањето дека единствено Аллах, Славениот, заслужува да биде обожуван, Тој е Единствениот Кому не Му придружуваме

никого во ниту една работа, ниту во намазот, ниту во молитвата (довата), ниту во дадениот завет, барањето помош, барањето заштита ниту во останатите ибадети (богоугодни дела).

(Ел Есмау вес Сифат) Верувањето во Неговите убави имиња и возвишени атрибути, кои Аллах ги потврдил за Себеси или за Него ги потврдил Мухамед, алејхи салату ве селам. Истовремено ги негираме сите оние имиња и атрибути кои ги негирал Аллах за себеси или за Него ги негирал Неговиот пратеник. Аллаховите имиња и атрибути се кулминација на убавото и совршеното, Нему ништо не Му е слично! Тој сè слуша и сè гледа.

**Вториот столб е: Верувањето во мелеците.**

Аллах, Возвишениот, вели:

﴿ الْحَمْدُ لِلَّهِ فَاطِرِ السَّمَاوَاتِ وَالْأَرْضِ جَاعِلِ الْمَلَائِكَةِ رُسُلًا أُولِي أَجْنِحَةٍ مَثْنَى وَثُلَاثَ وَرُبَاعَ يَزِيدُ فِي الْخَلْقِ مَا يَشَاءُ إِنَّ اللَّهَ عَلَى كُلِّ شَيْءٍ قَدِيرٌ﴾

„Сета благодарност Му припаѓа на Аллах, Создателот на небесата и на Земјата, Кој мелеците со по две, три и четири крила ги прави пратеници; Тој на тоа што го создава му додава што сака, Тој, навистина, може сè.“ (Ел Фатир, 1)

Веруваме дека мелеците/ангелите се невидлив свет, Аллахови робови создадени од светлина, секогаш покорни и потчинети на Аллах.

Тие се величествено Аллахово создание, нивниот број и моќ ги знае и може да ги опфати само Аллах, сите имаат особини, имиња и должности, кои им ги одредил Аллах, Возвишениот. Таков мелек е Џибрил, алејхи селам, на кого му е доверена должноста да ја достави објавата до Аллаховите пратеници.

**Третиот столб е: Верувањето во Аллаховите книги**

Возвошениот, вели:

﴿ قُولُوا آمَنَّا بِاللَّهِ وَمَا أُنْزِلَ إِلَيْنَا وَمَا أُنْزِلَ إِلَى إِبْرَاهِيمَ وَإِسْمَاعِيلَ وَإِسْحَاقَ وَيَعْقُوبَ وَالْأَسْبَاطِ وَمَا أُوتِيَ مُوسَى وَعِيسَى وَمَا أُوتِيَ النَّبِيُّونَ مِنْ رَبِّهِمْ لَا نُفَرِّقُ بَيْنَ أَحَدٍ مِنْهُمْ وَنَحْنُ لَهُ مُسْلِمُونَ﴾

„Кажете: ,Ние веруваме во Аллах, и во тоа што ни се објавува, и во тоа што му беше објавено на Ибрахим, и на Исмаил, и на Исхак, и на Јакуб, и на внуците; и во тоа што му е дадено на Муса, и на Иса, и во тоа што им е дадено на веровесниците од Господарот нивен; ние не правиме никаква разлика меѓу нив и ние само Нему Му се покоруваме.'" (Ел Бекаре, 136)

Веруваме дека Аллах, Возвишениот, на Своите пратеници им објавил книги како доказ за световите и како аргумент на тие кои работеле според нив.

Преку тие книги ги подучувале на мудроста и ги облагородувале.

Веруваме дека со испраќањето на Мухамед, нека е Аллаховиот спас и мир врз него, како пратеник од Аллах до сите луѓе, неговиот верозакон ги дерогирал сите претходни верозакони. Благородниот Куран е последната објава која ги дерогирала претходните Божји книги и која доминира над нив, за која Аллах гарантира дека ќе ја заштити од искривување и менување на нејзината содржина. Славениот Господар вели:

﴿ إِنَّا نَحْنُ نَزَّلْنَا الذِّكْرَ وَإِنَّا لَهُ لَحَافِظُونَ﴾

„Ние го објавуваме Куранот и Ние над него ќе бдееме.“ (Ел Хиџр, 9): Затоа што Благородниот Куран е последната Божја книга објавена на човештвото, Мухамед, нека е Аллаховиот мир и спас врз него, е последниот Аллахов пратеник а исламот е верата која Аллах ја одбрал за сите луѓе до Судниот ден. Возвишениот, вели:

﴿ إِنَّ الدِّينَ عِنْدَ اللَّهِ الْإِسْلَامُ﴾

„За Аллах единствено исламот е вистинска вера.“ (Али Имран, 19)

Небеските книги кои ги спомнал Аллах, Возвишениот, во Својата Книга се:

Благородниот Куран кој му бил објавен на Неговиот пратеник Мухамед, саллаллаху алејхи ве селлем.

Теврат, книга која му е објавена на Муса, алејхи селам.

Инџил, книга која му е објавена на Иса, алејхи селам.

Зебур, книга која му е објавена на Давуд, алејхи селам.

Страниците Ибрахимови, кои му се објавени на Ибрахим, алејхи селам.

**Четвртиот столб е: Верувањето во Аллаховите пратеници**

Аллах, Возвишениот, рекол:

﴿وَلَقَدْ بَعَثْنَا فِي كُلِّ أُمَّةٍ رَّسُولاً أَنِ اعْبُدُواْ اللّهَ وَاجْتَنِبُواْ الطَّاغُوتَ﴾

„Ние на секој народ Пратеник му испративме: ‚Само Аллах обожувајте Го, а тргнете се од тагутот!'" (Ен Нахл, 36)

Веруваме дека Аллах, Возвишениот, на луѓето им праќал пратеници кои ги повикувале да Го обожуваат само Аллах, Кој е Единствен и Кому никој не Му е рамен и да негираат сè она што се обожува покрај Аллах.

И дека сите се од човечкиот род, мажи, Аллахови робови, кои ја зборувале вистината и нивната искреност била потврдена, богобојазливи и доверливи, упатувачи кон правиот пат. Аллах ги помогнал со натприродни дела (муџизи) за да се потврди нивната вистинитост. Сите тие до своите народи го доставиле она со кое Тој ги испратил,

сите биле на вистинскиот и јасен пат кон кој ги упатил Аллах, Возвишениот.

Нивниот повик, од првиот до последниот, бил ист, повикот кој е и темел на верата, едноштвото на Аллах, само Аллах да се обожува и никој со Него да не се изедначува.

**Петтиот столб е: Верувањето во Последниот ден**

Возвишениот Аллах вели:

﴿ اللَّهُ لَا إِلَٰهَ إِلَّا هُوَ لَيَجْمَعَنَّكُمْ إِلَىٰ يَوْمِ الْقِيَامَةِ لَا رَيْبَ فِيهِ وَمَنْ أَصْدَقُ مِنَ اللَّهِ حَدِيثًا﴾

„Аллах, освен Кого друг бог нема, сигурно ќе ве собере на Судниот ден, во тоа воопшто нема сомнеж! А чиј говор е повистинит од Аллаховиот?“ (Ен Ниса, 87)

Веруваме во Последниот ден, а тоа е Судниот ден по кој нема друг ден, веруваме во сè што е поврзано со тој ден а што Аллах го објавил во Својата книга и за што нè известил Аллаховиот пратеник Мухамед, нека е Аллаховиот мир и спас врз него. Тука се информациите поврзани со смртта на човекот, оживувањето и воскрснувањето, шефаатот (заземањето), полагањето сметка, џенетот и џехенемот, како и други работи поврзани со Судниот ден.

## Шестиот столб е: Верување во Аллаховиот кадер (предодредување) за доброто и лошото

Возвишениот Аллах вели:

﴿إِنَّا كُلَّ شَيْءٍ خَلَقْنَاهُ بِقَدَرٍ﴾

„Ние навистина сѐ со одредена мерка создаваме.“ (Ел Камер, 49)

Веруваме во Божјата одредба, лошата и добрата, која што Аллах ја одредил за Своите созданија, според Неговото претходно знаење и во согласност со Неговата мудрост. Сѐ она кое им се случува на созданијата на овој свет е според Неговото знаење и Неговата моќ и управување, Единиот Кому никој не Му е рамен. Овие одредби се запишани пред да се создаде човекот и тој има волја и намера, тој ги извршува своите дела, но сето тоа не излегува надвор од рамките на Аллаховото знаење, волја и избор.

Верувањето во Кадерот (предодредбата) има четири нивоа:

1. Верување во Аллаховото сеопшто и сеопфатно знаење.

2. Верување дека Аллах запишал сѐ што ќе се случи до Судниот ден.

3. Верување во Аллаховата волја (која целосно се реализира) и во Неговата апсолутна

моќ. Тоа што Аллах сака ќе се случи, а тоа што не го сака, не може да се случи.

4. Верување дека Аллах создал сè и дека нема партнер во создавањето.

## Третиот степен: Ихсанот

Ихсан е да го обожуваме Аллах како да гледаме во Него, иако ние не можеме да Го видиме Тој нас нè гледа. Возвишениот Аллах вели:

﴿ إِنَّ اللَّهَ مَعَ الَّذِينَ اتَّقَوْا وَالَّذِينَ هُمْ مُحْسِنُونَ﴾

„Аллах е навистина на страната на тие што се плашат од Аллах и што се воздржуваат од гревовите и што прават добри дела.“ (Ен Нахл, 128)

## Тахарет – чистота

Возвишениот Аллах вели:

﴿ إِنَّ اللَّهَ يُحِبُّ التَّوَّابِينَ وَيُحِبُّ الْمُتَطَهِّرِينَ﴾

„Аллах навистина ги сака тие што се каат и ги сака тие што се чистат.“ (Ел Бекаре, 22)

Аллаховиот пратеник, нека е Аллаховиот мир и спас врз него, рекол:

(مَن تَوَضَّأَ نَحْوَ وُضُوئِي هذا، ثُمَّ صَلَّى رَكْعَتَيْنِ لا يُحَدِّثُ فِيهِما نَفْسَهُ، غَفَرَ اللَّهُ له ما تَقَدَّمَ مِن ذَنْبِهِ)

„Кој ќе земе абдест како што јас го земам, а потоа ќе клања два реката скрушено и без непотребни мисли, ќе му бидат простени претходно направените гревови.“ (Бухари)

Заради високата положба на намазот во исламот, за истиот е пропишано претходно чистење (абдест) кое е и предуслов за истиот. Абдестот е клучот на намазот, поттикнува свест за вредноста на истиот и го исполнува срцето со копнеж кон обавување на намаз. Аллаховиот пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол:

(الطُّهُورُ شَطْرُ الإيمانِ، والْحَمْدُ لِلَّهِ تَمْلأُ المِيزانَ، وسُبْحانَ اللهِ والْحَمْدُ لِلَّهِ تَمْلَآنِ -أَوْ تَمْلأُ- ما بيْنَ السَّمَواتِ والأرْضِ، والصَّلاةُ نُورٌ، والصَّدَقَةُ بُرْهانٌ، والصَّبْرُ ضِياءٌ، والْقُرْآنُ حُجَّةٌ لَكَ، أوْ عَلَيْكَ، كُلُّ النَّاسِ يَغْدُو فَبايِعٌ نَفْسَهُ فَمُعْتِقُها، أوْ مُوبِقُها)

„Чистотата е половина од верувањето. Зборот „елхамдулиллах" ја исполнува вагата, а зборовите „субханаллах" и „елхамдулиллах" го исполнуваат просторот помеѓу небесата и Земјата.* Намазот е светлина, милосрдието (садаката) е доказ, трпението е сјај, а Куранот е доказ за тебе или против тебе. Секој човек поранува и тргува со својата душа, па или ќе ја спаси или ќе ја уништи." (Муслим)

Негови, нека е Аллаховиот мир и спас врз него, зборови се и следните:

(من توضأ فأحسن الوضوء خرجت خطاياه من جسده حتَّى تَخْرُجَ مِنْ تحتِ أَظفارِهِ)

„Кој на најубав можен начин ќе земе абдест, гревовите ќе го напуштат неговото тело, па дури и тие од под ноктите." (Муслим)

Верникот стои исправено пред својот Господар со физичка и духовна чистотија за искрено и следејќи го сунетот на Аллаховиот пратеник, нека е Аллаховиот мир и спас врз него, да го изврши ова богоугодно дело (ибадет).

Абдестот е предуслов за следниве ибадети:

1. Намазот, без оглед дали се работи за фарз (строга должност) или доброволен намаз.

2. Таваф (чекорењето/брз од) околу Ќабата.

3. Допирањето на Мусхафот (книга во која е испечатен или напишан Куранот).

За абдест и гусул (посебен начин на бањање) користиме чиста вода:

За чиста се смета дождовната вода и водата од изворите која е во својата оргинална форма и состојба и на која не ѝ се променило едно од трите својства: бојата, вкусот и миризбата со елементи кои истата ја прават нечиста.

**Абдест**

Прв чекор е: намерата (ниетот) која е во срцето, а значењето на ниетот е: одлучна намера со срце да се изврши овој ибадет кој нѐ приближува до Возвишениот Аллах.

Втор чекор: Изговараме Бисмиллах (Во името на Аллах).

Трет чекор: Ги миеме дланките, трипати.

Четврт чекор: Трипати ја плакнеме устата (Мадмада).

Мадмада значи внесување на вода во устата, нејзино придвижување во усната шуплина и исплукување.

Петтиот чекор е: Истиншак и Истинсар трипати, Истиншак е: внесување на вода до врвот на носот.

А Истинсар е: исфрлување на внесената вода и други материи од носот со издување на истиот.

Шестиот чекор е: Миење на (целото) лице трипати.

Границите на лицето се:

Лицето е: оној дел на главата кој го вртиме кон тие со кои комуницираме.

Границите на лицето во широчина се од едното до другото уво.

Во должина, граници на лицето се од местото каде нормално израснуваат влакната на косата па сè до најдолната точка на брадата.

Миењето треба да ја опфати целата површина на она што се смета за лице:

Тука спаѓаат и влакнестите и невлакнестите делови.

Влакнестите делови: се мисли на ретка брада и на влакната на веѓите, трепките како и зулуфите кои растат на коската на лицето блиску до увото.

Доколку брадата е густа, доволно е да се помине со влажна рака по целата должина на брадата.

Седмиот чекор е: миењето на рацете почнувајќи од врвовите на прстите па се до лактите, трипати.

Во делот кој сме должни да го измиеме влегуваат и лактите.

Осмиот чекор е: само еднаш да ја потриеме (месх) главата, заедно со двете ушни школки, користејќи ги двете раце.

Започнува со движење од предниот дел на главата кон тилот и повторно враќање на местото од каде е почнато со месхот.

Двата показалеци ги ставаме во внатрешноста на ушите додека палците се врз надворешниот дел. Со нив го триеме внатрешниот и надворешниот дел на ушите.

Деветиот чекор е: миењето на стапалата од врвот на прстите до зглобот на стапалото. И зглобовите треба да бидат опфатени при миењето на стапалата.

Зглобовите на стапалото се испакнатите коски на долниот дел од потколеницата.

Десетиот чекор е: Сунет е муслиманот по абдестот да каже: „Ешхеду ен ла илахе иллаллах вахдеху ла шерике леху ве ешхеду енне Мухаммеден абдуху ве ресулуху (Сведочам дека нема друго вистинско божество освен Аллах, Кој

е Единиот и никој не Му е рамен и сведочам дека Мухамед е Негов роб и Негов пратеник), Аллахуммеџ‘ални минеттеввабине веџ‘ални минел мутетаххирине (Аллаху мој овозможи ми да бидам од оние кои се каат и да бидам од оние кои се чистат).“ Како што е спомнато во хадисот на Аллаховиот пратеник, нека е Аллаховиот мир и спас врз него: „Кој на убав и исправен начин ќе земе абдест и потоа ќе каже: Ешхеду ен ла илахе иллаллах вахдеху ла шерике леху ве ешхеду енне Мухаммеден абдуху ве ресулуху, Аллахуммеџ‘ални минеттеввабине веџ‘ални минел мутетаххирине, ќе му се отворат осумте џенетски порти, да влезе преку која сака.“ (Тирмизи)

Абдестот се губи во следниве ситуации:

1. При излегување на урина, измет, воздух, сперма и други секреции од уринарниот и аналниот отвор.

2. Губење на свеста со длабок сон, несвестица, опивање или губење на разумот.

3. Секоја ситуација која ни наложува гусул, како ејакулацијата, менструалниот циклус и периодот по породување.

По извршената нужда должни сме да ги отстраниме нечистотиите со чиста вода, а тоа е подобро, или со друго нешто што не е вода, а со кое можеме да ги отстраниме нечистотиите, како камен, лист од растение, платно и сл. Тоа

треба да се направи преку три или повеќе бришења со кои се постигнува чистота, со нешто што е чисто и дозволено за користење.

**Триењето (месхот) преку мезтви (кожни чорапи) и чорапи.**

Доколку на нозете имаме облечено мезтви или чорапи, доволно е да се потријат со влажни раце, без да се мијат нозете ако се исполнат следниве услови:

1. Мезтвите или чорапите се облечени по целосно земен абдест со миење на стапалата.
2. Мезтвите или чорапите да се чисти и без нечистотии кои според верските прописи се сметаат за нечисти.
3. Месхот е дозволен во временски определен период.
4. Мезтвите и чорапите да се халал, што значи да не се украдени или бесправано присвоени.

Мезтвите се вид на обувки од тенка кожа и слично кои се обуваат на стапалата, слични се на кондурите. Чорапите се направени од платно или сличен материјал и се обуваат на стапалата.

Мудроста на прописот на месхот: Мудроста на овој пропис има за цел да им олесни на муслиманите во ситуации кога соблекувањето на мезтвите или чорапите претставува

потешкотија, особено зиме, кога е многу студено и при патување.

Периодот на валидност на месхот: Едно денонoќие (24 часа) за тој што не е патник и три дена и три ноќи (72 часа) за тој што е патник.

Сметањето на овој рок започнува со првото триење (месх) врз мествите или чорапите, по губењето на абдестот.

Начинот на месх врз местви или чорапи:

1. Ги навлажнуваме дланките.

2. Со дланката триеме врз горниот дел од стапалото со движење, почнувајќи од прстите на нозете и завршувајќи кон почетокот на потколеницата.

3. Десното стапало го триеме со десната, а левото со левата рака.

Месх престанува заради: 1. Сè она што гусулот го прави обврска. 2. Завршувањето на временскиот рок.

**Гусул (верско ритуално капење)**

Кога маж и жена имаат интимен однос па дури и без ејакулација или ако ејакулираат со страст во будна состојба или при спиење, им станува должност да земат гусул, за да можат да клањаат намаз и да станат чисти. Жената по завршување на менструалниот циклус и на периодот по пораѓање (нифас), треба да земе

гусул за да може да клања и да ја постигне потребната чистота.

Формата на гусулот е следна:

Да го полие со вода целото тело, на кој било начин, но при тоа да внимава да внесе вода и во уста (мадмада) и во носот (истиншак). Доколку водата го опфати целото тело, гусулот е валиден и верникот се смета за чист.

Постои и друга попотполна форма на гусул, која ја практикувал Аллаховиот пратеник, нека е Аллаховиот мир и спас врз него, на следниот начин:

1. Намерата да се постигне состојба на чистота преку отстранување на она што верски се смета како голема нечистотија.

2. Изговараме Бисмиллах, ги миеме дланките трипати, а потоа го миеме половиот орган.

3. Земаме потполн абдест на истоветен начин како што зема абдест еден муслиман за намаз.

4. Истураме вода врз главата трипати сѐ додека добро не ги навлажниме корените на косата.

5. Со вода го миеме целото тело започнувајќи со десната па потоа левата страна, со триење и притоа внимаваме водата да допре до сите делови на телото.

На човекот/жената кои се во верски дефинирана состојба на нечистотија (џунуб) им се забранува:

1. Намазот.

2. Тавафот (чекорењето или брзото одење) околу Ќабата.

3. Престојот во џамија, а се дозволува поминувањето низ џамија без задржување.

4. Допирањето на Мусхафот (книга во која е испечатен или напишан Куранот).

5. Читањето Куран.

**Тејемум – симболично чистење со земја**

Во ситуација кога муслиманот не може да најде вода за абдест или гусул, кога истата ја има но не може да ја користи поради болест и слично и кога постои реален страв да помине времето на намаз, на муслиманот му се дозволува тејемумот.

Тејемумот се зема со едно допирање на земја и потоа триење на лицето и дланките. Предуслов е земјата да биде чиста.

Тејемумот се губи во следниве ситуации:

1. Сè она со кое се губи абдестот се губи и тејемумот.

2. Ако се најде вода пред да се започне со ибадетот за кој е земен тејемум.

## Намаз

Клањањето на петте намази (сабах, пладне, икиндија, акшам и јацијa) во текот на едно деноноќие е од Аллах пропишана должност (фарз) за секој муслиман.

## Подготовка за намаз

Со настапувањето на времето за намаз, муслиманот треба да земе абдест или гусул, доколку е без абдест или доколку е должен (џунуб) да се избања (гусул).

Состојбата на голема нечистотија е сè она што го обврзува верникот да се избања (гусул).

Состојбата на мала нечистотија е сè она што го обврзува верникот да земе абдест.

Муслиманот клања во облека која е чиста, на место кое е чисто, покривајќи ги деловите на телото кои треба да бидат покриени.

Муслиманот е должен да се разубави со облека која му доликува за време на намазот, со облека која го покрива она што не смее да се гледа, а кај мажите тоа е делот на телото помеѓу папокот и колениците.

Муслиманките треба да го покријат целото тело и во намазот не треба да биде откриено ништо освен лицето и дланките.

Во текот на намазот не е дозволен говор освен изговарањето на зборовите кои се дел од намазот, со внимание се слуша имамот, не вртиме со главата налево или надесно. Доколку не сме во можност да ги научиме определените сури и дови, ќе го спомнуваме Аллах сè до крајот на намазот. Должни сме што побргу да ги

научиме определените сури и дови, како и формата на намазот.

Доколку, со Аллахова дозвола, сакаме да клањаме исправно должни сме да ги следиме и да се грижиме за следните чекори:

Прв чекор: Со ниет (намера), чиешто место е срцето, го одредуваме задолжителниот намаз кој, во Аллахово име, ќе го клањаме.

Откако ќе земеме абдест се свртуваме кон Ќабата, и клањаме стоејќи доколку сме во можност.

Втор чекор: Ги креваме дланките во висина на рамениците, изговараме Аллаху екбер (Аллах е најголем) со што стапуваме во намаз.

Трет чекор: Ја изговараме довата за почетокот на намазот, а таква е и следнава:

(سُبْحَانَكَ اللَّهُمَّ وَبِحَمْدِكَ، وَتَبَارَكَ اسْمُكَ، وَتَعَالَى جَدُّكَ، وَلَا إِلَهَ غَيْرَكَ).

Субханеке Аллахумме ве би хамдике ве тебареке-смуке ве теала џеддуке ве ла илахе гајруке. (Тебе славата Ти припаѓа Аллаху мој, благодарни сме Ти, славено е Твоето име, возвишена е Твојата големина и нема друго божество освен Тебе).

Четвртиот чекор: Бараме заштита кај Аллах од проклетиот шејтан велејќи:

(أعوذُ باللهِ من الشيطان الرجيم).

Еузу биллахи минеш-шејтанир-раџим (Барам заштита кај Аллах од проклетиот шејтан).

Петти чекор: Го читаме поглавјето Ел Фатиха на секој рекат:

﴿الْحَمْدُ لِلَّهِ رَبِّ الْعَالَمِينَ * الرَّحْمَنِ الرَّحِيمِ * مَالِكِ يَوْمِ الدِّينِ * إِيَّاكَ نَعْبُدُ وَإِيَّاكَ نَسْتَعِينُ * اهْدِنَا الصِّرَاطَ الْمُسْتَقِيمَ * صِرَاطَ الَّذِينَ أَنْعَمْتَ عَلَيْهِمْ غَيْرِ الْمَغْضُوبِ عَلَيْهِمْ وَلَا الضَّالِّينَ﴾.

Сета благодарност Му припаѓа на Аллах, Господарот на световите.

Семилосниот, Милостивиот.

Владетелот на Судниот ден.

Само Тебе Те обожуваме и само од Тебе помош бараме!

Упати нѐ на Правиот пат.

На патот на тие на коишто благодатта им ја подари, а не на тие коишто гневот го предизвикаа ниту на тие што заталкаа!“

Потоа велиме (Амин), што значи – одѕвиј се Аллаху мој.

По читањето на поглавјето Ел Фатиха, на првиот и на вториот рекат читаме и други делови од Куранот. Ова не е строга должност (ваџиб) но за тој што го практикува има голема награда.

Шести чекор: Изговарајќи „Аллаху екбер“ се наведнуваме на руку (поклонување) притоа внимавајќи грбот да ни е прав и со дланките да ги фатиме колената со нормално раширени прсти. Во оваа положба три пати велиме:

Субхане Раббијел Азим, (Славен е мојот Голем господар).

Седми чекор: Се враќаме во состојба на кијам изговарајќи: Семи‘Аллаху лимен хамидех, што значи: Аллах го слуша оној што Му се заблаго-дарува, ги креваме дланките на ниво на рамењата и кога потполно ќе се исправиме велиме: Раббена лекел хамд, или: Раббена ве лекел хамд, што значи: Господару наш, благодарноста Тебе Ти припаѓа.

Осми чекор: Велиме „Аллаху екбер“ и паѓаме ничкум на сеџда со двете дланки, обете колена и стапалата, со носот и челото и во оваа состојба трипати изговараме: Субхане Раббијел е‘ала, (Славен е мојот Возвишен господар).

Чекор деветти: Велиме: Аллаху екбер, и се исправаме по сеџдата, сѐ додека не се исправи грбот, седнуваме врз левото стапало, а десното го исправуваме и трипати изговараме: Рабби-гфир ли, (Господару мој, прости ми).

Десетти чекор: Изговарајќи Аллаху екбер, уште еднаш паѓаме ничкум на сеџда идентично како и претходниот пат.

Единаесетти чекор: Се подигнуваме од сеџда изговарајќи Аллаху екбер и се исправаме на кијам (стоење). Формата и на останатите рекати е идентична на првиот рекат.

По второт рекат на пладне, икиндија, акшам и јацијa намаз, остануваме во седечка положба и го изговараме првиот тешехуд кој гласи:

(التحيات لله والصلوات والطيبات، السلام عليك أيها النبي ورحمة الله وبركاته، السلام علينا وعلى عباد الله الصالحين، أشهد أن لا إله إلا الله، وأشهد أن محمدًا عبده ورسوله)

Еттехијјату лиллахи вессалавату веттајјибату есселаму алејке ејухен-небијју ве рахметуллахи ве берекатуху, есселаму алејна ве ала ибадиллахис-салихин. Ешхеду ен ла илахе иллаллах ве ешхеду енне Мухаммеден абдуху ве ресулуху, (Најубавите поздрави до Аллах, и благослови и добрини, спасот нека е врз тебе Аллахов пратенику, Неговата сомилост и благодати, нека е спас врз нас и врз добрите Аллахови робови. Сведочам дека Аллах е единствен Бог и дека Мухамед е Негов роб и пратеник). Потоа стануваме на третиот рекат.

По последниот рекат во намазот седнуваме за последниот тешехуд:

(التحيات لله والصلوات والطيبات، السلام عليك أيها النبي ورحمة الله وبركاته، السلام علينا وعلى عباد الله الصالحين، أشهد أن لا إله إلا الله، وأشهد أن محمدًا عبده ورسوله، اللهم صلِّ على محمد وعلى آل محمد، كما صليت على إبراهيم وعلى آل إبراهيم، إنك حميد مجيد. اللهم بارك على محمد وعلى آل محمد، كما باركت على إبراهيم وعلى آل إبراهيم، إنك حميد مجيد)

Еттехијјату лилахи вессалавату веттајјибату есселаму алејке ејјухен-небијју ве рахметуллахи ве берекатуху, есселаму алејна ве ала ибадиллахис-салихин. Ешхеду ен ла илахе

иллаллах ве ешхеду енне Мухаммеден абдуху ве ресулуху. Аллахумме салли ала Мухаммедин ве ала али Мухаммед кема салејте ала Ибрахиме ве ала али Ибрахиме иннеке хамидун меџид. Аллахумме барик ала Мухаммедин ве ала али Мухаммед кема баректе ала Ибрахиме ве ала али Ибрахиме иннеке хамидун меџид, (Најубави поздрави до Аллах, благослови и добрини, спас нека е врз тебе Аллахов пратенику, Неговата сомилост и благодати, нека е спас врз нас и врз добрите Аллахови робови. Сведочам дека Аллах е единствениот Бог и дека Мухамед е Негов роб и пратеник. Аллаху мој, смилувај му се на Мухамед и на неговото потомство како што си му се смилувал на Ибрахим и на неговото потомство, Ти ја заслужуваш благодарноста и Величествен си. Аллаху мој, благослови го Мухамед и неговото потомство како што си го благословил Ибрахим и неговото потомство, Ти ја заслужуваш благодарноста и Величествен си.

Чекор дванаесетти: По ова ја вртиме главата кон десната страна и велиме: Есселаму алејкум ве рахметуллах, (Аллаховиот мир и сомилост нека се над вас). Истото го правиме и на левата страна.

## Хиџабот на муслиманката

Возвишениот Аллах вели:

﴿يَا أَيُّهَا النَّبِيُّ قُلْ لِأَزْوَاجِكَ وَبَنَاتِكَ وَنِسَاءِ الْمُؤْمِنِينَ يُدْنِينَ عَلَيْهِنَّ مِنْ جَلَابِيبِهِنَّ ذَٰلِكَ أَدْنَىٰ أَنْ يُعْرَفْنَ فَلَا يُؤْذَيْنَ وَكَانَ اللَّهُ غَفُورًا رَحِيمًا﴾

„О, Веровеснику, кажи им на жените свои, и на ќерките свои, и на жените на верниците нека си го покријат целото тело со своите наметки. Така најлесно ќе бидат препознаени, па нема да бидат вознемирувани. А Аллах простува и Милостив е.“ (Ел Ахзаб, 59)

Аллах пропишал жената муслиманка да носи хиџаб од облеката на нејзиниот народ за да го покрие своето тело пред мажи кои ѝ се туѓи. Не ѝ се дозволува да го соблече хиџабот освен пред сопругот и пред роднините со кои ѝ се забранува стапувањето во брак (махрем), а тоа се таткото па во нагорна линија (дедо, прадедо), синовите и потомците во надолна линија (внуци, правнуци), чичковците, вујковците, братот, синот на братот и синот на сестрата, мажот на мајката, таткото на сопругот и сите во нагорна линија, синот на сопругот и сите во надолна линија, братот по доење, сопругот на жената која ја доела, со доење се забранува она што е забрането и со роднинска врска.

Муслиманката треба да ги земе предвид следните правила поврзани со нејзината облека:

1. Нејзината облека треба целосно да го покрие нејзиното тело.

2. Да не биде облеката нешто што би се сметало за китење и разубавување во присуство на туѓинци.

3. Да не биде проѕирна па да се гледа телото.

4. Да биде широка, да не биде тесна толку да се гледат контурите на телото.

5. Да не се нанесува парфем кој можат да го помирисаат мажи кои не ѝ се махрем, кога ќе помине покрај нив.

6. Да не е слична на облеката каква носат мажите.

7. Да не е слична со облеката на немуслиманките која ја носат на нивните верски ритуали и празници.

8. Да не биде облека со која ќе се разликува и ќе се воздигнува над другите.

## Дел од особините на еден верник

Возвишениот Аллах, вели:

﴿ إِنَّمَا الْمُؤْمِنُونَ الَّذِينَ إِذَا ذُكِرَ اللَّهُ وَجِلَتْ قُلُوبُهُمْ وَإِذَا تُلِيَتْ عَلَيْهِمْ آيَاتُهُ زَادَتْهُمْ إِيمَانًا وَعَلَى رَبِّهِمْ يَتَوَكَّلُونَ﴾

„Вистински верници се само тие чиишто срца со страв се исполнуваат кога Аллах се спомнува, а кога зборовите Негови им се кажуваат, верувањето им го зголемуваат и само на Господарот свој се потпираат.“ (Ел Енфал, 2)

Искрен е во говорот и не лаже:

Го почитува договореното и даденото ветување.

Не е неправеден при недоразбирања и конфликти.

Доверениот аманет го чува.

За братот муслиман го посакува истото што го посакува за себеси.

Дарежлив е.

Доброчинител е кон луѓето.

Ги чува роднинските врски.

Задоволен е со Аллаховата одредба, благодарен кога е во изобилство, трпелив кога е во немаштија.

Срамежливоста е негова особина.

Сомилосен е.

Не мрази никого и од неговите постапки никој не е загрозен.

Им простува на луѓето.

Не работи со камата и не ја користи истата.

Не блудничи.

Не консумира алкохол.

Добродетел е кон соседите.

Не е неправеден ниту е предавник.

Не краде ниту мами.

Убаво се однесува кон родителите, и кога не се муслимани, покорен им е во дозволените работи.

Своите деца ги воспитува да бидат благородни, да ги извршуваат верските обврски, им ги забранува недоличните и забранетите дела.

Со своите дела не се поистоветува со немуслиманите во нивните верски посебности и традиции кои се специфични за нив или се нивни симболи.

Се покајува и бара прошка од Аллах за неговите недостатоци и гревови.

## Важни правила за верувањето на муслиманот

1. Аллах е нашиот Господар, нема друго вистинско божество освен Него, ништо не Му е слично и ништо не може да Го надвладее, Тој слуша и гледа сѐ.

2. Аллах, субханеху ве теʻала, е на небесата, над сѐ што создал, издвоен е од она што Го создал, Неговата воздигнатост е апсолутна од секој аспект, возвишена е Неговата слава, моќ и Тој опфаќа сѐ што постои.

3. За Аллах го потврдуваме она што Тој Самиот го потврдил за Себе и за Него го потврдил, Неговиот пратеник, Мухамед, нека е Аллаховиот мир и спас врз него, од имиња и атрибути, а го негираме она кое Тој го негирал за Себе и она кое за Него го негирал Мухамед, нека е Аллаховиот мир и спас врз него.

4. Аллах, Возвишениот, Ги услишува довите, Ги исполнува потребите, владее со сѐ, само Тој може да предизвика штета или корист, Аллах секогаш, па дури и колку да трепне со очите, му

е неопходен на робот, на човекот не му е дозволено, за цел да има некого друг освен Аллах, во било кој вид на ибадет, како што е: довата, намазот, заветот, колењето курбан, стравот, надешта, потпирањето... тука спаѓаат сите ибадети видливи и невидливи. Секој што, некој вид на ибадет ќе му го посвети на некој друг, а не на Аллах, станува многубожец/мушрик.

5. Најголем грев и најголемиот помеѓу големите гревови е политеизмот/ширкот (да сметаме некого/нешто дека е истоветен/истоветно со Аллах). Секој што ќе умре во состојба на многубоштво ќе влезе во Џехенемот и Џенетот е забранет за него. Овој грев Аллах не го простува доколку човекот умре, а не се покајал од истиот.

6. Тоа што на човек не му се случило не можело да му се случи, а тоа што го снашло не можело да го заобиколи, муслиманот треба да верува во Аллаховата одредба, да биде задоволен со тоа кое Аллах му го определил, да Го слави својот Господар и да Му искажува благодарност во секоја ситуација.

7. Мухамед, нека е Аллаховиот мир и спас врз него, е најблагородниот од човечкиот род и печатот на сите веровесници, тој ќе се заземе за нас и неговото заземање ќе биде примено,

Аллах го одбра за близок (халил) како што беше и Ибрахим, алејхи селам.

10. Нашата книга е Благородниот Куран, кој е муџиза/надприродно, неговата вистинитост е непобитна, неговото читање е богоугодно дело. Куранот му е објавен на Мухамед, нека е Аллаховиот мир и спас врз него, преку посредникот Џибрил, алејхи селам, најдобриот меѓу мелеците. Аллах го заштитил од фалсификување и измени, Тој, субханеху ве теала, вели:

﴿ إِنَّا نَحْنُ نَزَّلْنَا الذِّكْرَ وَإِنَّا لَهُ لَحَافِظُونَ﴾

„Ние го објавуваме Куранот и Ние над него ќе бдееме." (Ел Хиџр, 9)

11. Најблиску до Бога се оние кои Му се најпокорни Нему, кои го следат Неговиот верозакон. Арапот не е повреден од неарапот, ниту пак неарапот е подобар од Арапот. Белецот нема предимство над црнецот, ниту, пак, црнецот над белецот, освен според богобојазливоста. Аллах, субханеху ве теала, вели:

﴿ إِنَّ أَكْرَمَكُمْ عِنْدَ اللَّهِ أَتْقَاكُمْ﴾

„Најугледен кај Аллах е тој што најмногу се плаши од Него." (Ел Хуџурат, 13)

12. Муслиманите веруваат во мелеците, почитуваните запишувачи, веруваат дека тие постојат, дека се создадени да Му робуваат на

Аллах, Аллах ги создал од светло и тие се Аллахово создание. Еден од нив е Џибрил, кому му е доверена објавата, па Микаил кој управува со дождот, Исрафил кој ќе дувне во Сур (кога ќе настапи Судниот ден) и Мелекот на смртта кому му е дадена должноста да им ги зима душите на луѓето.

13. Муслиманот верува во предзнаците на Судниот ден, појавата на лажниот месија Деџал, повторното враќање на Иса, алејхи селам, на Земјата при крајот на светот и изгрев на Сонцето од запад.

14. Муслиманот верува во казната во гробот за тој што ја заслужува и во наградата во гробот за тој што ја заслужува. Верува во прашањата кои ќе ги постават Мункир и Некир, за Господарот, верата и Аллаховиот пратеник. Гробот може да биде или џенетска градина и џехенемска јама.

15. Муслиманот верува во проживувањето на Судниот ден и во полагањето сметка за делата сторени на овој свет. Веруваме дека Џенетот и Џехенемот се создадени и вечни (бесконечни).

16. Сихрот (магијата) е неверие во Аллах, не е дозволено подучувањето со магијата и да одиме кај маѓепсниците и гатачите, муслиманот не им верува на гаталците и бајачите, тој што ќе им поверува го негирал (искажал неверие) во она

кое му е објавено на Мухамед, нека е Аллаховиот мир и спас врз него.

17. Муслиманот ги сака следбениците (асхабите) на Мухамед, нека е Аллаховиот мир и спас врз него, ги сака тие што ги сакаат и ги мрази тие што ги мразат. Љубовта кон нив е вера и добродетелство, а омразата кон нив е неверие и лицемерство. Тој, нека е Аллаховиот мир и спас врз него, рекол: „Не ги навредувајте моите другари„ (Муслим). Секој што ги навредува или омаловажува некој од асхабите, Бог нека биде задоволен од нив, е заблуден иноватор.

18. Муслиманот потврдува дека праведните халифи по Аллаховиот пратеник се Ебу Бекр, Аллах нека е задоволен со него, и тој е првенецот и најдобриот од овој умет, па Омер б. ел Хатаб, Аллах нека е задоволен со него, па Осман, Аллах нека е задоволен со него, па Али б. Ебу Талиб, Аллах нека е задоволен со него. Тие се праведните халифи и упатените предводници.

19. Ибадетите се пропишани од Аллах, не ни е дозволено да Го обожуваме Аллах освен на начин пропишан во Аллаховата Книга и во Сунетот на Аллаховиот пратеник, нека е Аллаховиот мир и спас врз него. Сите новотарии во верата кои ги вовеле луѓето по смртта на Мухамед, нека е Аллаховиот мир и

спас врз него, не се дел од традицијата на Мухамед, и се отфрлени: „Кој во ова наше прашање (верата) ќе воведе нешто што не е од него (неа) ќе биде отфрлено.“ (Бухари).

20. Прифаќањето на ибадетите е условено со исполнување на два услова: искреноста во ибадетите, нивно посветување само на Аллах и следењето на Сунетот на Божјиот пратеник, нека е Аллаховиот мир и спас врз него; секое дело кое не е искрено, само заради Аллах и не е според Сунетот на Мухамед, алејхи селам, нема да биде прифатено.

## Мојата среќа е во мојата вера, исламот

Возвишениот Аллах, вели:

﴿مَنْ عَمِلَ صَالِحًا مِنْ ذَكَرٍ أَوْ أُنْثَى وَهُوَ مُؤْمِنٌ فَلَنُحْيِيَنَّهُ حَيَاةً طَيِّبَةً وَلَنَجْزِيَنَّهُمْ أَجْرَهُمْ بِأَحْسَنِ مَا كَانُوا يَعْمَلُونَ﴾

„На тој што прави добро, било маж или жена, а верник е, Ние ќе му дадеме да проживее убав живот и навистина ќе ги наградиме според подобро одошто го правеле.“ (Ен Нахл, 97)

Она што еден верник го прави да биде среќен и да чувствува духовен мир е директната поврзаност со неговиот Господар, без посредници, живи или мртви, без посредство на идоли. Возвишениот Аллах во Својата Книга спомнува дека секогаш е блиску до Своите робови, ги слуша, се одѕива на нивните молитви и за тоа вели:

﴿وَإِذَا سَأَلَكَ عِبَادِي عَنِّي فَإِنِّي قَرِيبٌ أُجِيبُ دَعْوَةَ الدَّاعِ إِذَا دَعَانِ فَلْيَسْتَجِيبُوا لِي وَلْيُؤْمِنُوا بِي لَعَلَّهُمْ يَرْشُدُونَ﴾

„А кога робовите Мои ќе те прашаат за Мене, Јас сум, сигурно, блиску: се одѕивам на молбата на молителот кога ќе Ме замоли. Затоа, нека се одѕвијат тие на Мојот повик и нека веруваат во Мене, за да бидат на Вистинскиот пат.“ (Ел Бекаре, 186) Аллах ни наредува да Му упатуваме дова само Нему, а довата е една од највозвишените форми на ибадет со која муслиманот Му се приближува на Аллах. Аллах, субханеху ве теала, вели:

﴿وَقالَ رَبُّكُمُ ادْعُونِي أَسْتَجِبْ لَكُمْ إِنَّ الَّذِينَ يَسْتَكْبِرُونَ عَنْ عِبادَتِي سَيَدْخُلُونَ جَهَنَّمَ داخِرِينَ﴾

„Повикајте Ме и замолете, Јас ќе ви се одѕвијам! Тие што од вообразеност не сакаат да Ме обожуваат – сигурно понижени ќе влезат во Џехенем.“ (Ел Мумин, 60) Добриот муслиман секогаш чувствува потреба за Својот Господар, секогаш Го повикува во дова и Му се приближува со добри и богоугодни дела.

Не сме создадени случајно. Возвишениот Господар нé создал во овој универзум со многу важна мисија и цел. Целта на нашето создавање е обожувањето на единствениот Аллах, Кој ни ја пропишал оваа вера, која е сеопфатна и ги уредува сите аспекти на живеењето, приватни и јавни. На овој верозакон на прво место му се

заштитата на нашата вера, животи, чест, разум и имот. Нема сомнеж дека секој кој ќе се придржува кон верските наредби и ќе се оддалечи од верските забрани, ќе ги сочува овие приоритети и ќе живее среќно и спокојно.

Врската на муслиманот со неговиот Господар е длабока и е причина за смиреност и духовно спокојство. Муслиманот чувствува среќа, сигурност и смиреност, ја чувствува Аллаховата блискост, и Неговата грижа и заштита кон Својот роб верник. Возвишениот вели:

﴿اللَّهُ وَلِيُّ الَّذِينَ آمَنُوا يُخْرِجُهُمْ مِنَ الظُّلُمَاتِ إِلَى النُّورِ﴾

„Аллах е заштитник на верниците, ги изведува од темнините на светлина...“ (Ел Бекаре, 257)

Оваа величествена врска е емотивна состојба која предизвикува уживање во покорноста кон Семилосниот, копнеж да се сретнеме со Него, му дава на срцето сила да летне кон небото на среќата и да ја вкуси убавината на верувањето.

Таа сласт не може да се опише освен од оној кој ја вкусил преку богоугодните дела и преку дистанцирањето од гревовите. За ова Мухамед, Аллаховиот мир и спас нека се над него, вели:

(ذاق طعم الإيمان من رضي بالله ربًا وبالإسلام دينًا وبمحمد رسولًا)

„Сласта на иманот ја вкусил тој што е задоволен со Аллах како Господар, со исламот

како вера и со Мухамед како Аллахов пратеник.“ (Муслим)

Да, секогаш кога човекот ќе биде свесен дека неговиот Создател го гледа, кога ќе Го спознае Аллах со Неговите имиња и убавите атрибути, кога ќе Го обожува како да Го гледа пред себе, кога ќе биде искрен во својот ибадет кон Аллах и нема да има друга намера тоа да го прави за некој друг, ќе живее убав и среќен живот на овој свет и ќе има убав завршеток на оној свет.

Дури и несреќите со кои се соочува верникот, нивната жестина се гаси со свежината на убеденоста (јекин), со задовоството од Аллаховата одредба, преку искажувањето благодарност за сѐ она кое Тој ни го одредил и потполно задоволство со Аллаховиот кадер.

Од работите кои еден муслиман треба да ги има секогаш на ум е честото спомнување на Аллах, и читањето на Благородниот Куран. Аллах, Возвишениот, вели:

﴿ الَّذِينَ آمَنُوا وَتَطْمَئِنُّ قُلُوبُهُمْ بِذِكْرِ اللَّهِ أَلَا بِذِكْرِ اللَّهِ تَطْمَئِنُّ الْقُلُوبُ﴾

„Тие што веруваат и чиишто срца, кога Аллах ќе се спомне, се смируваат – а срцата навистина, кога Аллах ќе се спомне, се смируваат.“ (Ер Рад, 28) Колку повеќе еден муслиман го спомнува својот Господар, и чита повеќе Куран, толку е посилна неговата врска со Аллах, толку е

поблагородна неговата душа и е посилен неговиот иман.

Секој муслиман треба да се труди да ги научи прописите на верата од автентичните извори, за да го обожува Аллах, Возвишениот, онака како што Тој ни пропишал. Божјиот пратеник, нека е Аллаховиот мир и спас врз него, рекол:

(طلب العلم فريضة على كل مسلم)

„Трагањето по знаење е строга обврска (фарз) за секој муслиман.“ (Ибн Маџе) Верникот треба потполно да Му се предаде на својот Господар, да се покори на Неговите одредби, без оглед дали ја сфатил или не ја сфатил мудроста на тие одредби. Возвишениот, во Својата Мудра Книга вели:

﴿وَمَا كَانَ لِمُؤْمِنٍ وَلَا مُؤْمِنَةٍ إِذَا قَضَى اللَّهُ وَرَسُولُهُ أَمْرًا أَنْ يَكُونَ لَهُمُ الْخِيَرَةُ مِنْ أَمْرِهِمْ وَمَنْ يَعْصِ اللَّهَ وَرَسُولَهُ فَقَدْ ضَلَّ ضَلَالًا مُبِينًا﴾

„Кога Аллах и Пратеникот Негов нешто ќе одредат, тогаш ни верникот ни верничката немаат право по свој избор да постапуваат. А кој нема да Го послуша Аллах и Неговиот Пратеник, тој сигурно скршнал од Вистинскиот пат.“ (Ел Ахзаб, 36)

Аллаховите благослови и мир нека се над нашиот пратеник Мухамед, над неговото семејство и одбраните следбеници.

# Содржина


Корисен и концизен прирачник за еден муслиман............2
Вовед............3
Мудроста зад создавањето на луѓето............3
Аллах е мојот Господар............4
Некои од Неговите убави имиња се:............5
Мојот пратеник е Мухамед – саллаллаху алејхи ве селлем............7
Мухамед, саллаллаху алејхи ве селлем, подарената милост:............7
Дел од неговите, нека е Аллаховиот мир и спас кон него, особини се:............11
Благородниот Куран е говор на мојот Господар............11
Мојата вера е исламот............12
Првиот степен: исламот............12
Столбови на исламот............13
Првиот столб е: Сведоштвото дека нема божество достојно за обожување освен Аллах и дека Мухамед е Аллахов пратеник............13
Вториот столб е: Клањањето намаз............14
Третиот столб е: Давањето зекат............15
Четвртиот столб е: Постот во месецот рамазан............16
Петтиот столб е: Аџилакот............17
Вториот степен: Иманот............18
Столбовите на иманот (верувањето)............18
Првиот столб е: Верувањето во Аллах............19
Вториот столб е: Верувањето во мелеците............20
Третиот столб е: Верувањето во Аллаховите книги............21

Четвртиот столб е: Верувањето во Аллаховите пратеници ..... 23
Петтиот столб е: Верувањето во Последниот ден ..... 24
Шестиот столб е: Верување во Аллаховиот кадер (предодредување) за доброто и лошото ..... 25
Третиот степен: Ихсанот ..... 26
Тахарет – чистота ..... 26
Абдест ..... 28
Триењето (месхот) преку мествии (кожни чорапи) и чорапи. ..... 32
Гусул (верско ритуално капење) ..... 33
Тејемум – симболично чистење со земја ..... 35
Намаз ..... 35
Подготовка за намаз ..... 36
Хиџабот на муслиманката ..... 41
Дел од особините на еден верник ..... 43
Важни правила за верувањето на муслиманот ..... 45
Мојата среќа е во мојата вера, исламот ..... 50

mk272v1.0 - 03/09/2026